# Информации за имиграција и виза за жртви на сексуално и интерперсонално насилство

На меѓународните студенти и стручњаци коишто имаат прашања во врска со нивниот имиграциски и визен статус им се советува да побараат помош од адвокат за имиграција. Овој документ е извор којшто објаснува одредени аспекти од правото, но не е замена за правен совет.

**Јас сум жртва на насилство. Дали мојот имиграциски статус има влијание врз можноста за пристап кон ресурсите на кампусот?**

Не. Според законот, студентите и персоналот коишто се жртви или преживеале сексуално и интерперсонално насилство ги добиваат истите права според Клаузула IX од Амандманите за образование од 1972 година (Клаузула IX) и Законот за насилство против жените (VAWA), без разлика на имиграцискиот и визниот статус.

Информации за мединските и советодавните ресурси на кампусот, како и за достапното сместување, може да се најдат на: https://1is2many.okstate.edu/

Информации за процесот на студентско однесување може да се најдат на: https://studentconduct.okstate.edu/code

Факултетот нема да возврати со санкции против Вас или да се однесува поинаку доколку пријавите злостор.

**Дали може како регистриран или нерегистриран емигрант кривично да гонам некого?**

Да. Во Годишниот извештај за безбедност можат да се најдат информации за тоа како Вашата земја дефинира сексуален напад, семејно насилство, насилство во врската и следење: https://police.okstate.edu/annual-security-reports

Доколку имате конкретни прашања во врска со кривично гонење, може да се обратите до:

Oklahoma State University Police Department, OSUPD
104 USDA Building, Stillwater, Oklahoma 74078
405-564-6523
https://police.okstate.edu/
1is2many@okstate.edu

**Дали постојат посебни статуси за виза и имиграција за жртвите на насилство?**

Да. За жртви на сексуален напад, семејно насилство, насилство во врската и следење, може да постојат и други опции за виза, вклучително и виза од типовите U и T.

| Виза U | Виза T |
|---|---|
| За жртви на значително физичко или психичко малтретирање како резултат на некое кривично дејство, вклучително и сексуално насилство, семејно насилство, силување, напад или кој било друг поврзан криминал<br>- Жртвата/апликантот мора да биде жртва на кривично дејство кое се квалификува како такво и да помага во истрагата и/или гонењето на кривичното дејство.<br>- Генерално е валидна во период од четири години - За повеќе информации консултирајте се со адвокат за имиграција и видете:<br><br>http://www.uscis.gov/humanitarian/victims-human-trafficking-other-crimes/victims-criminal-activity-u-nonimmigrant-status/victims-criminal-activity-u-nonimmigrant-status | За жртви на трговија со луѓе<br>- Мора да почитуваат одредени барања од страна на силите на законот за соработка во истрагата или гонењето според законите за трговија со луѓе (освен ако не се во можност да соработуваат заради физичка или писхичка траума) и мора да покажат дека жртвата/апликантот би претрпел екстремни тешкотии доколку би бил отстранет од Соединтетите Американски Држави<br>- Генерално е валидна во период од четири години<br>- За повеќе информации консултирајте се со адвокат за имиграција и видете:<br>http://www.uscis.gov/humanitarian/victims-human-trafficking-other-crimes/victims-human-trafficking-t-nonimmigrant-status |

**Дали постои канцеларија на кампусот којашто би ми обезбедила дополнителни информации?**

, International Students & Scholars
250 Student Union, Stillwater, OK 74078
405-744-5459
https://lcl.okstate.edu/iss/
su-iss@okstate.edu

Канцеларијата за услуги за интернационални студенти и стручњаци може да Ви обезбеди корисни информации во врска со имиграцискиот статус. За прашања во врска со промени кон други визни статуси или законски опции коишто се изземени од стандардните студенски визи F-1 и J-1 или визи спонзорирани од страна на работодавач, консултирајте се со квалификуван адвокат за имиграција.

| Визни опции | |
|---|---|
| Студенти со визен статус F-1 и J-1<br>• Опции за одобрување редуцирана наставна програма заради медицински состојби потврдени од лиценциран доктор на медицина, доктор по остеопатија или лиценциран клинички психолог<br><br>• Опции за, и последици од повлекување од академската програма<br>• Информации за подоцнежно навраќање на академската програма ако студентот одлучи да се повлече<br>• Опции и последици по брачниот партнер кој Ве придружува<br>• Општи информации за опциите за промена на визниот статус.<br>• Општи информации за визите U и T. (Се препорачува квалификуван адвокат за имиграција)<br>• Препорака кај квалификуван адвокат за имиграција | Вработени со визен статус H-1B, O-1, E-3 или TN<br>• Опции за одобрување на отсуство од работа и последици по имигрантскиот статус<br>• Опции и последици по брачниот партнер кој Ве придружува<br>• Општи информации за опциите за промена на визниот статус. Се препорачува квалификуван адвокат за имиграција<br>• Општи информации за визите U и T. (Се препорачува квалификуван адвокат за имиграција)<br>• Препорака кај квалификуван адвокат за имиграција<br>• Постојани жители на САД (коишто чекаат одобрување на зелена карта)<br>• Влијание врз напуштањето на работата врз основа на апликацијата за постојан жител спонзорирана од работодавач за којашто се чека одобрување;<br>• Препорака кај квалификуван адвокат за имиграција |

**Што е адвокат за имиграција и која е неговата улога?**

Адвокатите за имиграција се лиценцирани адвокати коишто специјализираат во полето на имиграциско право. Тие функционираат како застапници на клиентот и можат да го претставуваат пред агенциите за имиграција, пред суд за имиграција, како и при пополнување на апликации за имиграциски надоместоци. Адвокатот може да даде општ совет и може да ги разгледува опциите при имиграција. Како и останатите адвокати, адвокатите за имиграција се обврзани со професионални, етички и законски барања, така што во тајност ги држат дискусиите со своите клиенти.

**Каде можам да најдам локален адвокат за имиграција?**

| |
|---|
| Сервисот за државјанство и имиграција на САД (USCIS), биро во рамките на Одделот за домашна безбедност (DHS), нуди две веб-локации за помош на поединци при наоѓањето на бесплатно или евтино правно застапување:<br><br>Веб-локација на USCIS: пронајдете помош во Вашата заедница    Веб-локација на USCIS: пронајдете правни услуги |
| Бордот за имиграциски жалби (BIA) содржи именик на адвокати по држава коишто нудат имиграциски услуги или бесплатно или за мал надомест. |
| Американската асоцијација на адвокати за имиграција (AILA) нуди онлајн услуга за препорака кај адвокат за имиграција, којашто може да им помогне на студентите или стручњаците да најдат адвокат за имиграција. |
| Американската адвокатска комора исто така овозможува информации за наоѓање правни улуги според држава. |

The State University of New York